Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАРИЧНАТА ЕДИНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за паричната единица на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата, одржана на 26 април 1992 година.

Бр. 08-1783/1
26 април 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПАРИЧНАТА ЕДИНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Парична единица на Република Македонија е денар. Денарот се дели на 100 дени.

Член 2

Книжните пари и кованите пари кои гласат на денар се единствено законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија.

Во платниот промет се употребува скратенот назив на паричната единица на Република Македонија: ДЕН.

Член 3

Сите права и обврски по работи кои гласат на пари, а се склучени на територијата на Република Македонија, како и сите вредности и износи, се искажуваат во износи кои гласат на денари.

Член 4

Курсевите на странските валути на денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги утврди Народната банка на Република Македонија.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.